КОМИСИЈА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ НА ЗЕЛС

**Конститутивна седница**

26.06.2024 г., ЗЕЛС, Скопје

**ЗАПИСНИК од прва седница на Комисијата**

**Присутни:**

1. **Стевче Стевановски ,** градоначалник на општина Новаци
2. **Миле Петков,** градоначалник на општина Виница
3. **Љупчо Папазов,** градоначалник на општина Кочани
4. **Саладин Зеќири,** со овластување на градоначалник на општина Теарце
5. **Димчо Атанасовски,** градоначалник на општина Македонска Каменица
6. **Душица Перишиќ,** извршен директор на ЗЕЛС
7. **Ардита Дема Мехмети,** заменик извршен директор на ЗЕЛС
8. **Ивана Серафимова,** координатор за животна средина и комунални дејности на ЗЕЛС
9. **Горан Ангелов,** консултант на ГИЗ

**Отсутни:**

1. **Стефче Трпковски**, градоначалник на општина Сопиште
2. **Еркан Арифи**, градоначалник на општина Липково

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. **Усвојување на Дневен ред;**
2. **Усвојување на Деловник за работа на Комисијата;**
3. **Избор на Претседател и заменик претседател на Комисијата за животна средина и комунални дејности на ЗЕЛС;**
4. **Вовед во тековните активности на работа на ЗЕЛС во областа на заштита на животната средина и комуналните дејности (вода и комунални дејности; воздух, отпад и климатска акција);**
5. **Утврдување приоритети на работа во областа на животната средина и комуналните дејности на локално ниво;**
6. **Разно.**

**Отворање на седницата**

1. **Усвојување на Дневен ред**
2. **Усвојување на Деловник на работа на Комисијата**

Душица Перишиќ, извршен директор на ЗЕЛС ја отвори првата и Конститутивна седница на Комисијата за животна средина и комунални дејности на ЗЕЛС, посакувајќи им добредојде на членовите на Комисијата, и давајќи насоки за текот на седницата до избор на претседател и заменик претседател.

Согласно Статутот на ЗЕЛС, Управниот одбор на својата 21-ва седница, одржана на 30 мај, 2024г., ја формира Комисијата за животна средина и комунални дејности, како еден од инструментите за застапување и лобирање во областите на животната средина и комунални дејности.
Предлог Деловникот за работа превидува најмалку седум члена. Доколку Комисијата смета дека треба да го зголеми бројот на членовите, истото може да го предложи на Управниот одбор за одобрување. Работата на Комисијата е потпомогната и од Одборот за стручна поддршка, кој што се состои од членови на Мрежата за животна средина и комунални дејности на ЗЕЛС, а се претставници на општинската администрација кои работат во овие сектори. Комисијата избира претседател и заменик претседател, со мнозинство гласови од вкупен број членови.

**Заклучок 1:** Членовите на Комисијата го усвоија предложениот Дневен ред

**Заклучок 2:** Членовите го усвоија предложениот Деловник за работа на Комисијата.

3. **Избор на Претседател и заменик претседател на Комисијата за животна средина и комунални дејности на ЗЕЛС**

Според член 11, 12 и 13 од Деловникот за работа, Комисијата номинираа двајца претставници од редот на   своите членови, кои треба да добијат мнозинство од вкупен број членови за да бидат избрани за претседател и заменик претседател.
Љупчо Папазов, градоначалник на општина Кочани, беше предложен за претседател на Комисијата, а Стевче Стевановски, градоначалник на општина Новаци за заменик претседател.
Членовите на Комисијата едногласно ги усвоија номинациите за предложените функции.
Љупчо Папазов, градоначалник на општина Кочани, оцени дека секторите на кои ќе работи Комисијата имаат многу предизвици, речиси и да нема дел без проблеми и законски не дорегулирани надлежности што општините ги извршуваат, и се надева дека во периодот што преостанува од година и неколку месеци ќе успеат како Комисија да дадат значителни резултати на подобрување.
Стевче Стевановски, градоначалник на општина Новаци, констатира дека областите животна средина и комунални дејности бараат сеопфатен пристап во решавање на предизвиците, а ги има многу, во секој сегмент од спроведување на овие надлежности од страна на локалните субјекти, со отсуство на систематизиран пристап кон истите на централно и локално ниво.
Горан Ангелов, консултант на ГИЗ, поранешен претседател на ЗЕЛС и директор на Дрисла, истакна дека постоењето на комисиите на ЗЕЛС е од исклучително значење за процесот на застапување и лобирање за општините. Нивната мисија е да ги детектираат проблемите и да нудат решенија , да преговараат со надлежните институции во интерес на општините. Од овој аспект, имајќи ги во вид заштитата на животната средина и комуналните дејности, и можностите кои се отвораат за подобрување на овие сектори во општеството, тој изрази надеж дека Комисијата може да постигне многу за краток период преку заедничка работа, стручна поддршка и посветеност.

**Заклучок 1:** Љупчо Папазов, градоначалник на општина Кочани, едногласно од присутните членови е избран за претседател на Комисијата за животна средина и комунални дејности на ЗЕЛС.

**Заклучок 2:** Стевче Стевановски, градоначалник на општина Новаци, едногласно од присутните членови е избран за заменик претседател на Комисијата за животна средина и комунални дејности на ЗЕЛС.

4. **Вовед во тековните активности на работа на ЗЕЛС во областа на заштита на животната средина и комуналните дејности (вода и комунални дејности; воздух, отпад и климатска акција)**

Ивана Серафимова, координатор за животна средина и комунални дејности на ЗЕЛС, ги претстави тековните и идни активности што се во фокусот на работата на ЗЕЛС во областите: вода и комунални дејности, воздух , отпад и климатска акција.
Во делот на вода и комунални дејности, заедно со претставници на АДКОМ, ќе се работи во две насоки, и тоа: скенирање на регулативата за животна средина и комунални дејности, детектирање на недоследности и иницирање правни решенија за подобрување на законскиот опфат со акцент на вода за пиење и отпадни води. Втората насока е во воспоставување координирана и интегрирана соработка меѓу  единицата на локална самоуправа и јавното комунално претпријатие, преку подготовка на локални интегрирани планови за управување со водите со пилот општини.
Отпадот е еден од најчувствителните сектори за секоја општина, поради постоење на делумен и несамоодржлив инфраструктурен и плански локален и регионален пристап. Во овој дел се работи на подготовка на локални планови за управување со отпад, што треба да дадат пресек и слика за секоја општина кои се специфичностите, потребите и приоритетите, како и кои од нив може да се спроведат преку регионална и меѓуопштинска соработка. Во очекување е и почетокот на работата на Регулаторната комисија за енергетика, води и отпад, која има законска обврска да утврди Методологија и тарифа за отпад. Овој процес треба да се пресретне со време, и да се разгледа како истиот ќе се одрази врз општините и граѓаните. Членовите на Комисијата беа информирани и дека во тек е подготовка на нова Национална стратегија за управување со отпад 2024-2036, и дека во овој процес треба да има почести консултации со цел да се интегрираат интересите на општините во документот кој ќе важи во следните 12 години.
За заштитата на амбиентниот воздух, ЗЕЛС има предлог текст на Закон за оџачарска дејност, кој првично е изработен од Град Скопје во соработка со збратимениот Нирнберг, и претставува многу солидна основа да се доработи доколку е потребно и да се регулира сегментот на греење на индивидуалните домаќинства, кој според достапните анализи се најголем извор загадување на воздухот со ПМ10 честички во грејната сезона. Истиот ќе се работи и од посебна работна група на Мрежата за животна средина и комунални дејности на ЗЕЛС, по што ќе биде ставен на разгледување на седница на Комисијата.
Климатската акција е најнова област во секторот животна средина, за што во фаза на усвојување е предлог Закон за климатска акција. ЗЕЛС, преку европскиот Пакт на градоначалници, работи на подготовка на локани планови за климатска акција и енергетика (SECAP) со пилот општини, што е предуслов за една општина да се зачлени во европскиот Пакт на градоначалници, што пак им овозможува пристап до одредени финансиски инструменти за реализација на мерките вградени во плановите.
Во овој контекст, се напомена дека треба да се истражат можностите на финансискиот инструмент Глобален зелен фонд на Обединетите нации, кој досега беше под надлежност на заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економски ресори и инвестиции, а минимален износ за финансирање проекти е од 10 милиони долари.

**Заклучок 1:** ЗЕЛС да организира состанок на Комисијата со министерот за животна средина, на кој ќе присуства и Претседателството на ЗЕЛС.

**Заклучок2:** ЗЕЛС да организира состанок на Комисијата со претставници на Регулаторна комисија за енергетика, води и отпад, на кој ќе присуства и Претседателството на ЗЕЛС.

**Заклучок 3:** ЗЕЛС да организира дводневна работилница, на која покрај членовите на Комисијата, ќе учествуваат и членови на Мрежата и претставници на АДКОМ.

5. **Утврдување приоритети на работа во областа на животната средина и комуналните дејности на локално ниво.**

Дискусијата на членовите на Комисијата се движеше во насока на потребата од финансиски средства за инфраструктурно уредување на областите од животната средина под надлежност на општините и јавните комунални претпријатија, како и воведување механизми и мерки за самоодржливо управување со нив.

**Заклучок 1.** Се дефинираа две приоритетни области на дејствување, а тоа се управување со отпад и управување со води (вода за пиење и отпадни води).

0810-434/2
26.06.2024г.
Скопје

Комисија за животна средина и
комунални дејности на ЗЕЛС
Претседател,
Љупчо Папазов